Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 138

Јануари 2024 г.

цена 20 денари

д-р Маријана ЃОРЃИЕВА, доктор на медицина, специјализант на Пулмологија со алергологија



## Како да се справиме со големата кашлица

Quehenberger logistics

ЈОКИТ-ГО Маркети

AKTIVA

БОРОВ ДОЛ BOROV DOL

БУЧИМ

Роберт АЏИПЕТРОВ, раководител на Одделението за образование при Општина Штип





## „Белата чума“ не е единствениот проблем во образованието



Интервју со Пеце Ристески, актер во Народниот театар Штип

## Скинатиот чевел ме направи штипјанец

AUTO BOSS
COSMETICS & ACCESSORIES
autoboss.stip
071 305 504

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА
Тел. 032 607-161 Моб. 078 494 146

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

**Иван Бојаџиски**



# За пред дома и за пред странците

Фала му на Бога имам насобрано приличен број години и огромно животно и работно искуство, ама никоаш порано како што е тоа денес, не сум сведочел за постоењето на еден народ (нашиот) кој за себе самиот има(л) толку лошо мислење.

„Ова кај нас не е народ“. „Нас не не бива за ништо“. „И најдобрата идеја да ни ја дадат ние ќе ја упропасгите“. „Ова, власт ли е“? (без оглед за за која политичка власт станува збор). „Од каде им пари, испокрадоа се во државата“. „До вчера партал беше, а денес со него муабет не се прави. Од каде му пари“.

И така натаму, и така до бескрај.

За себе, доминантно, зборуваме се најлошо. И дома и пред странците. Ја оговараме државата, се оговараме себе си. Како народ, како заедница која, по некоја божја промисла, се здружила да живее на овој географски простор.

Но, дали навистина е така, и дали навистина сме „за никаде“? Мое мислење е дека таквиот став не држи вода. Можеби не сме најдобриот народ на светот, ама далеку од тоа дека сме најлоши како луѓе во секоја смисла. Прашање на однос е дали ние сакаме да го видиме доброто во нас и кај нас, и на тоа добро да му го дадеме јавниот простор за сите да дознаат за нашите вредности. Кај нас, некако полесно е да се зборува, пишува, коментира за лошите нешта отколку да се направи вистинита приказна за позитивните остварувања на поединци кои и служат на чест на локалната но и на националната заедница и кои придонесуваат заедницата да оди напред. Во економска, во образовна, во социјална, во културна, во спортска смисла. Во медиумите, а посебно на социјалните мрежи, како стампедо кое руши се пред себе, доминираат негативните приказни на кои не е прикачен никаков аргумент за да можете да им поверувате. Позитивниот дел од вредното народно остварување е ставено на маргините. Или воопшто не добива простор во медиумите.

Таквото наше мислење за нас самите, благодарение на социјалните мрежи пред се, патува од едниот до другиот крај на светот. И така светот си гради мислење за „таму некаде некои македонци“ кои не ги бива за ништо. Кои сами се ја уништуваат државата и не умеат да направат ништо асално за себе.

Таквата состојба ме врати на еден случај од времето на бившата држава. Угледен новинар-уредник на политичка рубрика во весникот „Политика“ пишува за состојбите во Југославија и притоа неговите коментари за некои работи во државата се пофални, а други критички настроени, но и едните и другите со неопходната доза на силна аргументација, Неговото пишување (коментарите биле на неделно ниво) будно биле следени од западниот свет, и еден убав ден на вратата од редакцијата на „Политика“ тропнала екипа на светски славната британска радиодифузна корпорација Би-би-си (BBC) чие седиште е во Лондон. Тие побарале да направат интервју со уредникот чии текстови им биле предизвик да дојдат во редакцијата во Белград.

Новинарот на ББС го прашува уредникот на „Политика“ за состојбата во Југославија. Уредникот вели дека состојбата во неговата држава е перфектна, дека луѓето живеат убав живот, политиката е на вистински пат, економијата се развива во сите делови, културата и спортот се на врвно ниво, социјалниот елемент е вграден во секој сегмент и во секое семејство.

-Ама, чекајте, Вие во вашите коментари во „Политика“ не пишувате баш така, имате и многу критички настроени текстови за некои работи кои денес пред нас ги фалите.

-Точно е тоа, ама вие треба да знаете декај јас мојата држава ја критикувам само пред мојот народ, пред светот мојата држава и мојот народ се најдобри на планетата, прокоментирал уредникот, а неговиот став преку медиумската мрежа на ББС бил пренесен во сите делови од светот..

Но, да продолжам со „нашите работи“ на темата на овој мој поглед Од мој агол.

Во нашиот Штип имаме, средношколец, гимназијалец, по име и презиме Марио Ванчовски кој минатата година од рацете на претседателот Стево Пендаровски го доби признанието „Успешни млади за 2022 година“. Колку од медиумите му дадоа простор на вонредното остварување на нашиот средношколец? Нашиот весник направои интервју со младиот талентиран човек и – никој друг. Тоа, веројатно не беше вест која обезбедува читаност, гледаност, лајкови и прегледи...А тоа што на талентираните луѓе како Марио треба да ја градиме нашата иднина-тоа не е вест за денесшните медиуми.

И уште колку такви убави, позитивни примери имаме, а за нив медиумите никако да најдат простор бидејќи никој не сакал да чита и слуша за успешните! Не било тоа интересно,иако баш таквите се оние од кои очекуваме да го променат општеството на подобро.

Па после – Цацко ни е крив што и за по дома и за по надвор ние создаваме крајно негативна и неточна слика за себе.

Дали е тоа добро и фер проценете сами.

**д-р Маријана ЃОРЃИЕВА, доктор на медицина, специјализант на Пулмологија со алергологија**

# Големата кашлица е голем здравствен проблем, што носи таа и како да се справиме со неа

Во Европа и на Балканот посебно се шири Големата кашлица чие медицинско име е Пертусис. Со оглед на фактот дека се работи за многу заразна болест на оваа тема разговараме со д-р **Маријана Ѓорѓиева**, специјализант на пулмологија со алергологија, штипјанка вработена во Брзата помош при Здравниот дом „Д-р Иван Георгиев“ во Пехчево, а претходно работеше во штипската Брза помош.

**Доктор Маријана, зошто оваа тема денес е посебно актуелна?**

Од податоците на Институтите за јавно здравје можеме да забележиме дека големата кашлица е многу распространета во регионот. Бројките од последните месеци се загрижувачки. Така, во Хрватска има регистрирано 4.446 случаи, а болеста се шири и во Србија каде до 7 Јануари имало 1020 случаи. Во Црна Гора имало 290 случаи, а во Македонија досега се регистрирани само два случаи. Според Комисијата за заразни болести во Македонија нема простор за паника но не можеме да останеме мирни поради состојбата во регионот која е загрижувачка. Ова посебно бидејќи Големата кашлица е високо контагиозна т.е. многу заразна болест која го зафаќа респираторниот тракт ( органите за дишење) и која трае од 6 до 10 недели.

**Како да знаеме да ја препознаеме?**

На почетокот на болеста се јавува кивање, растечен нос (ринореа) и солзење од очите (лакримација).Кај некои лица може да се јави и благо покачена температура. Инкубацијата на болеста односно периодот од заразата до појавата на симптомите е од 7 до 10 дена. Потоа се јавува кашлицата која е интензивна, посебно ноќе. Кашлицата е во епизоди без престан при што на крајот болниот тешко вдишува воздух и се јавува тој карактеристичен звук (пискав глас) при вдишувањето. Кај некои болни се јавува атипична симптоматологија, таквите само кашлаат подолго време. Оваа кашлица најчесто е продуктивна и со неа се исфрла голема количина мукус, а после неа кај повеќето болни се јавува повраќање. Кашлицата трае со недели и со текот на времето се намалува нејзиниот интензитет но може да опстои со месеци.

**Кои компликации може да се јават кај големата кашлица?**

Најчести компликации посебно кај децата се епистакса т.е. крварење од носот, и отитис медиа или воспаление на средното уво. Како посериозни компликации се колапс на белите дробови (ателектаза), абнормално проширување на бронхиите и бронхиолите (бронхиектазии) кои може да настанат поради инфекцијата поради која се оштетува еластичното ткиво на бронхиите и бронхиолите, поткожен емфизем (собирање на воздух под мекото ткиво кое се јавува поради оштетувањата на белите дробови), бактериска суперинфекција и енцефалитис или воспаление на мозокот.



**Што ја предизвикува оваа болест и како се пренесува и кои лица се најмногу подложни на неа?**

Пертусис е заразна болест предизвикана од бактеријата Bordetella Pertusis која е изолирана пред стотина години. Бактеријата се пренесува преку капков пат односно со кивање, кашлање се ослободуваат капки во воздухот или преку контакт допир на заразени површини со секрети од болниот. Болеста се утврдува спрема симптомите, лабораториските анализи кај кои има леукоцитоза односно покачен број на леукоцити и брис од носот. Голема кашлица е најчесто заболување кај малите деца од кои невакцинираните потешко ја поминуваат болеста. Адолесцентите и возрасните имаат помалку тешки симптоми и кај нив болеста може да помине незабележано .

**Како може да се заштитиме од оваа болест?**

Превентивата се состои во често миење на рацете, носење маски во здравствените установи, избегнување на собири, болните деца да не посетуваат градинки, училишта додека не оздрават и секако редовна вакцинација. Вакцината за оваа болест датира од четириессетите години на минатиот век. Таа доаѓа во комбинација со вакцината против тетанус и против дифтерија. Се примаат повеќе дози и тоа првата на 2 месеци, втора на 3,5 месеци, третата на 6 месеци, четвртата на 18 месеци и петтата на 4 години.

**Како се лекува големата кашлица?**

Бидејќи се работи за бактериски предизвикана болест се лекува со антибиотици кои се одредуваат спрема антибиограм односно се утврдува на кои антибиотици бактеријата е осетлива. Се препорачува и одмор, мирување, многу течности, пробиотици и витамини.

**Роберт АЏИПЕТРОВ,**
**раководител на Одделението за образование при Општина Штип**



# „Белата чума“ не е единствениот проблем во образованието

На Комисијата за образование и на седници на Советот на општина Штипобразованието и состојбите во и со него се најчеста тема на дебата. Општ заклучок е дека во една од најчувствителните сфери во секое општество (и) нашата општина има проблеми. На оваа тема интерју правиме со Роберт Аџипетров, раководител на Одделението за образование при општина Штип

***-Прва тема, г-дин Аџипетров, за која се дискутираше на ниво на Комисија, а и на седница на Советот беше воспитанието. Констатацијата одеше во насока дека овој сегмент одамна е испуштен од раце, а како резултат на тоа често сме сведоци на вандалско однесување на младите...***

-Вандализмот како негативна појава, за жал, е се почесто присутен во нашето општество, а за тоа сведоци сме сите ние. Апелите да се заштити јавниот имот се постојани, но резултатот од истите ретко го даваат посакуваниот резултат. Секој од нас би се прашал самиот себе: Што е причината за да се уништува имотот кој ни припаѓа на сите нам? Зошто оваа појава се повторува и повторува? Како да го заштитиме тоа што е ново поставено без разлика дали се работи за клупа во парк, детско игралиште или останата урбана опрема? Во основа на одговорите на секое од овие прашање е потребата од стекнување на чувство на припадност, формирање на ставови, способност за расудување за тоа што е добро, а што не, т.е. што е морално, а што не. Наведените карактеристки како морални вредности на една индивидуа произлегуваат од воспитувањето кое истиот го добил во текот на својот живот формално и/или неформално. Во насока на барање решение за овој проблем, односно како во јавната перцепција да се внесат овие воспитни компоненти, се доаѓа до заклучок дека истата би требало да се стекне во институции кои што го вршат воспитно-образовниот процес. Поаѓајќи од овој сплет за размислувања и констатации се јави потребата за повторно актуализирање на воспитната компонента која е подеднакво важна како и образовната, а во насока на систематско решавање на проблемите почнувајќи од најмалите.

***И тнр. „Бела чума“ односно се помал број ученици во училишните клупи е нотирана како посебен и голем проблем. Констатација е дека во второто полугодие во основните училишта се јавиле 50 деца помалку и уште 24 деца во ООУ „Гоце Делчев“. Која е причината за тоа?***

-„Белата чума“ е карактеристична појава за Македонија, а истата во последните години само дополнително доаѓа до израз. Овој негативен тренд е до толку актуелен во нашата заедница што многу често иселувањето може да се спореди со „евакуација“ во случај на елементарна непогода итн. Како резултат на ова од година во година бројот на училишни обврзници во прво одделение бележи пад, па доколку пред две децении една паралелка броеше 30+ ученици сега истата тешко достигнува 50 проценти од наведената бројка. Од година во година училиштата испраќаат се поголем број барања за формирање на паралелки со помал број на ученици што создава дополнително оптоварување на буџетот како на општината така и на државата. Статистиката за учебната 2023/2024 година покажува дека 50 деца не го започнале второто полугодие со што дополнително се намалува бројот на ученици во нашите училишта. Главна причина поради која овие ученици не се во училишните клупи е иселување. Дополнително 24 ученици од ООУ „Гоце Делчев“ Штип исто така не се појавиле на училиште, а родителите за истото не навеле конкретна причина. Информациите говорат дека иселувањето највероjатно е причината за дел од овие отсуства. Информациите со кои располага Одделението за образование при Општина Штип велат дека за 7 од нив веќе се покренати соодветни постапки од страна на Државниот просветен инспекторат согласно Законот за основно образование, додека пак други 4 највероjатно ќе се вратат во училишните клупи во следниот период.

***Градоначалникот Јорданов на социјалните мрежи објави фотографии за тоа како ќе изгледаат нашие основци во униформи кои Општина Штип планира да ги воведе. Најавен е и бесплатен оброк за дел од учениците...***

-Училишните униформи се решение со кое би

се намалиле разликите помеѓу учениците, унапредувајќи го правото на детето на бесплатно и квалитетно образование предвидено со Законот за основно образование. Впрочем станува збор за локална политика преку која што Општина Штип влијае на унапредување на воспитно-образовниот процес, воедно помагајќи на домашниот буџет на родителите на овие ученици. Во програмата на Општина Штип во делот на предучилишно, основно и средно образование за 2024 година за оваа намена се предвидени 10.000.000 денари. Во истата програма е предвиден и бесплатен оброк за учениците, почнувајќи од учебната 2024/2025 година, мерка која што исто така кореспондира со Законот за основно образование. Бесплатен оброк како политика би се вовела за прв пат во нашата општина, а нејзиното импелментирање би било етапно со цел оптимизација на целиот процес. Со оглед на тоа што станува за сложен процес, кој бара голем број на поврзани активности, како во поглед на квалитет така и во поглед на безбедност на храната постепеното воведување не е со цел формирање на групи кои би биле со поголема привилегија, туку со цел зголемување на можноста за контрола, а во насока на максимизирање на очекуваните ефекти. Секако дека, во зависност од добиените резултати, во блиска иднина мерката би се опфатиле сите групи на ученици.

***Каков е соодносот на завршените деветоодделенци со запишаните во прва година средно образование, и што тоа се случи со уписите во нашата Гимназија?***

-Во учебната 2023/2024 година IX одделение завршиле 357 ученици во сите пет основни училишта, додека пак во средните училишта во истиот период се запишале 485 ученици. Анализирајќи ги броевите јасно е видливо дека бројот на ученици во I година во четирити средни училишта на територија на Општина Штип, на почетокот на учебната година, бил за 128 поголем од бројот на ученици кои го завршиле основното образование во основните училишта. Наведеното јасно покажува дека Штип сеуште е образовен центар во источниот дел од Македонија, односно училиштата во нашата општина се атрактивни за учениците од околните општини, кои се решаваат своето образование да го продолжат токму овде. Во однос на статистика во поглед на број на слободни места и број на пополнети, броевите покажуваат дека околу 60% од слободните места биле пополнети, а најголем дел од учениците се одлучиле своето образование да го продолжат во некое од средните стручни училишта. СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ Штип, како единствена гимназија во учебната 2023/2024 година се соочи со намален интерес при што во истата на почетокот имаше запишано 91 ученик. Бројот на ученици во оваа училиште флуктираше со тоа што иницијално истиот бележеше зголемување достигнувајќи 100 ученици. Сепак како што одминува годината овој тренд доби негативен предзнак како резултат на заминувања на неколку ученици. Причината зошто е намален интересот воглавно може да се лоцира во „Учи паметно, работи стручно“ или т.н. дуално образование и предностите кое истото ги нуди на учениците. Како резултат на ова, констатацијата е дека интересот за гимназиско образование е намален, тренд кој мора да добие одреден баланс доколку сакаме успешно менаџирање на образовниот процес.

***Интересот на стопанствениците за вклучување во социјалниот дијалог е слаб, со што се испушта приликата истите активно да учествуваат во формирање на идниот кадар со кој што би располагало нашето општество. Кои се причините за ова, може да биде предмет на дебата, но за да постои дебата во ис-тата би требало да бидат активно вклучени сите засегнати страни.***



***Меѓу констатираните проблеми е и недостигот на наставници по одделни предмети како што се физичко и здравствено образование, математика, физика, биологија. Каде тука е проблемот и како тој ќе се решава?***

Станува збор за проблеми кои што се појавуваат како на локално ниво така и на централно ниво, односно се присутни насекаде во нашата држава. Причините зошто ова е вака се бројни, но сепак она што е јасно видливо на прв поглед е недостатокот на национална стратегија како да се реши овој проблем на централно ниво. Немањето на стратегија во оваа област создаде дефцит на наставен кадар во предмети како математика, физика итн, односно студентите во минатиот период не беа ниту насочени ниту мотивирани да ги изучуваат овие наставни предмети. Уште потрагично е тоа што дел од дефицитите се креирани како резултат на законски решенија на кои што очигледно не

им претходеле соодветни анализи и испитувања на пазарот на труд. Па така недостатокот на наставен кадар по физичко образование се должи пред се на законски измени и т.н. тандем наставници што значи вклучување на дополнителен наставник по физичко образование кај најмалите ученици. Со тоа практично во целост се исцрпи расположливиот кадар во оваа област и се создаде огромен дефицит за истиот. Со цел надминување на овие проблеми, во Програмата на Општина Штип за предучилишно, основно и средно образование за 2024 година е предвидена поактивна соработка со Факултетот за образовни науки при УГД, а во насока на искористување на универзитот и ресурсите со кои истиот располага за развивање на политики, активности и мерки кои би биле спроведени, кои пак директно или индиректно мотивирало студентите да се насочат кон дефицитарните професии. Впрочем изборот на дефицитарна професија на овие студенти би им гарантирал сигурна работа во иднина, а на воспитно - образовниот процес би му донел соодветен наставен кадар во секоја област.

***Неодамна во Штип беше организиран социјален дијалог помеѓу поголем број заинтересирани субјекти, а во основа на дијалогот беше како да се направи неопходна синергија помеѓу образованието и стопанството. Бевме сведоци дека некој посебен интерес од стопанствениците немаше. Зошто?***

-Во координација со Министерството за образование и наука, Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење во Салата на Советот на Општина Штип беше одржана средба–социјален дијалог на која што беа поканети претставници од Центарот за вработување, Факултетот за образовни науки, Стопанската комора на Република Македонија, Биро за развој на образование, Државниот просветен инспекторат, директорите и наставниците од средните стручни училишта како и претставници од стопанствениците. Главна цел на оваа средба беше испитување на потребата од кадар во компаниите и нивната подготвеност за вклучување на ученици, преку што би се формирале предлози за број на ученици и паралелки во јавните средни училишта по струки и профили. Од одржаната средба видливо е дека интересот на стопанствениците за вклучување во овој дијалог е слаб, со што се испушта приликата истите активно да учествуваат во формирање на идниот кадар со кој што би располагало нашето општество. Кои се причините за ова, може да биде предмет на дебата, но за да постои дебата во истата би требало да бидат активно вклучени сите засегнати страни.

***Колку ученици имаме во основните, а колку во средните училишта?***

Во моментот според податоците со кои што се располага во основните општински училишта има 3747 ученици, додека пак во средните општински училишта бројот е 1911 ученици или вкупно 5658 ученици. Во нашата општина има и две државни училишта и тоа ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ Штип кој има 137 ученици како и ДСУ „Искра“ Штип со 55 ученици. Кога зборуваме за број на ученици треба во предвид да го имаме фактот дека истиот е флуктирачки, односно подложен на чести промени пред се поради иселување, нешто за што претходно зборувавме.

***Чија одговорност е образованието, посебно ако ја знаеме познатата мудрост која вели „Ако сакаш да уништиш еден народ тогаш уништи му го образованието“?***

Јас би рекол дека воспитно-образовниот процес е наша колективна обврска преку која што сите заедно, денес, ја создаваме нашата иднина. Јас тука би го цитирал Нелсон Мандела, „Образованието е најдоброто оружје преку кое што можеме да го промениме светот“, а оваа промена да значи подобрување во секоја област. Знаејќи го ова, неизбежна е констатацијата дека станува збор за област од висок национален интерес каде што импровизации не се дозволени. Историски гледано образованието е воспоставено со цел да одговори на потребите на индустријата. Денес живееме во едно време, за кое што знаеме да кажеме дека е модерно, полно со технологија, но и постојани промени. Со цел оптимизација на нашите капацитети, воспитно-образовниот процес е потребно да го насочиме кон потребите на модерното општество, да го прилагодиме на брзите промени да го дигитализираме, но и да не ги заборавиме придобивките на традиционалните наставни помагала и практики. За ова се потребни високи инвестиции и имплементација на бројни системски решенија како на локално така и на централно ниво. Општина Штип во програмата во оваа област за 2024 година, освен одредени активности за кои што зборувавме, опфати и создавање на СТЕМ лаборатории, едуакција на наставен кадар, обуки за работа во сензорни соби, стипендии за најдобрите ученици, еко акции и проекти итн, а во насока на воведување на локални политики кои би го унапредиле овој процес. При изработката на програмата беа земени во предвид и забелешките на Европската комисија, како и останатите приоритети на ЕУ како „Green deal“. Вкучувајќи ги овие активности, локалната власт ќе делува локално, а во насока на остварување на националните цели и желба за членство во Европското семејство. За крај, лично сум убеден дека доколку работиме заедно, искрено и посветено, без импровизации, ќе создадеме општество во кое што квалитетот на воспитно-образовниот процес ќе биде на завидно ниво. Важно е да знаеме дека ова е наш заеднички интерес, наша одговорност, денес и веднаш да започнеме со работа, за иднината на нашите деца и Македонија.

***Доколку работиме заедно, искрено и пос-ветено, без импровизации, ќе создадеме општество во кое што квалитетот на воспитно-образовниот процес ќе биде на завидно ниво. Важно е да знаеме дека ова е наш заеднички интерес, наша одговорност, денес и веднаш да започнеме со работа, за иднината на нашите деца и Ма- кедонија***

# „Македрол“ и Општина Штип ќе шират знаење за врсничко насилство во четири основни училишта



Основните училишта во Штип, „Ванчо Прќе“, „Тошо Арсов“, „Гоце Делчев“ и „Димитар Влахов“ се приклучуваат на „Крени глас против врсничкото насилство“, општествено одговорната кампања на „Макпетрол“. Учениците од овие образовни установи ќе имаат можност, преку работилници организирани од компанијата, подобро да се запознаат со причините за ваквото однесување, како и со последиците од булингот. Со цел поефикасна реализација на активностите месецов беше потпишан меморандум за соработка.

– Во светски рамки, врсничкото насилство и понатаму е еден од најприсутните проблеми на младите, но истиот најчесто се премолчува. Ако се знае дека ова сфаќање е присутно наназад со децении, воопшто не изненадува што бројот на случаи не само што се намалува, туку и се зголемува. Македонија, иако е значително помала средина, не е имуна на врсничкото насилство, а оваа појава, за жал, и кај нас се третира како вообичаена фаза низ која што сите млади поминувале и во иднина ќе поминуваат. Нештата, сепак, и на глобално ниво се менуваат, веќе има земји со програми преку кои што се борат со булингот. Една од нашите цели е да поттикнеме отворен разговор за оваа тема, но сакаме и во пракса да им помогнеме на младите со тоа што ќе имаат пристап до потребните знаења – вели Марија Јосифовска-Спасовска, член на Управниот одбор и директор во „Макпетрол“.

Штип е десеттата општина што се вклучува во кампањата „Крени глас против врсничкото насилство“. Меморандуми за соработка досега беа потпишани и со општините Центар, Аеродром, Гази Баба, Гевгелија, Демир Капија, Куманово, Карпош, Кисела Вода, како и Ѓорче Петров. Во пет од овие општини работилниците веќе се одржаа, а во останатите реализацијата ќе се одвива во периодот што следува.Преку работилниците, учениците од психолог се запознаваат со булингот, односно со неговите форми како физичко, вербално, односно, психичко, социјално и сајбер-насилство. Во овие едукативни средби учествуваат и стручните служби кои што споделените искуства потоа можат да ги применат во секојдневната настава.

За сите училишта „Макпетрол“ испечати материјал преку кој што не само учениците, туку и стручните служби, како и родителите, имаат можност да се здобијат со знаења за проблемот со булингот.

„Крени глас против врсничкото насилство“ е едукативна кампања чиј носечки и најзначаен дел е интернет-страницата kreniglas.mk. Вебсајтот има за цел да пренесе знаење до сите што можат да помогнат во решавањето на проблемот со врсничкото насилство – децата, родителите и наставниците. На оваа интернет-страница секој што бил жртва или имал искуство со булингот, може анонимно да ја сподели својата приказна. „Макпетрол“, преку оваа општествено одговорна кампања, цели кон зголемување на јавниот интерес за булингот, причините за неговата појава, како и далекусежните последици. Секоја општина или образовна институција, што ја препознава оваа активност и сака да се вклучи во кампањата, може отворено да контактираат со „Макпетрол“. Целта на ваквите соработки е заеднички да се изнајдат решенија за врсничкото насилство како проблем што има суштинско влијание врз развојот на децата и на младите.

***Во светски рамки, а и кај нас Македонија, врсничкото насилство е еден од најприсутните проблеми кај младите, за жал оваа појава кај нас се третира како вообичаена фаза низ која што сите млади поминувале и во иднина ќе поминуваат. „Макпетрол“, преку оваа општествено одговорна кампања, цели кон зголемување на јавниот интерес за булингот, причините за неговата појава, како и далекусежните последици***

# Нов тендер за новата Клиничка болница, кривична пријава заработи „Интеркат“

Нова тендерска постапка за доизградба на Клиничката болница во Штип ќе биде објавена наскоро, а средствата за нејзино комплетирање ќе бидат обезбедени од државниот буџет.Веќе е покрената кривична постапка против грчката фирма „Интеркат“ која пред осум години почна да го гради објектот, најави министерот за здравство Фатмир Меџити, при јануарската посета на Клиничката болница во Штип која е од регионален крактер и се грижи за доброто здравје на 200.000 жители од Источниот и Југоисточниот регион.

-Постапката ќе биде објавена многу бргу, односно во месец февруари, за конечно, еднаш засекогаш, Штип и регионот да добијат најсовремена болницата, затоа што моите колеги овде, кои се врвни лекари, треба да имаат подобри услови за работа, а пациентите ќе добиваат поквалитетни услуги. Ќе течат сите процедури, а на денот кога ќе го распишеме тендерот ќе го соопштиме и рокот за доизградба. Тој што ќе задоцни ќе мора да одговара. Покренавме кривична постапка со Државното правобранителство против фирмата што ја почна изградбата и таа ќе треба да се соочи на суд со нашите државни органи. Ќе бараме отштета зошто болницата не е изградена.Банкарската гаранција беше шест милиони евра, тие пари се во Министерството во





склоп на проектната единица и тие ќе се искористат за доизградба на болницата. За довршување на градежните работи нема да се користат пари од кредити, туку од државниот буџет, истакна министерот Меџити.

Изградбата на овој капитален објект во семејството на македонското здравство започна на 2 март 2016 година. Државата обезбеди 27 милиони евра заем од Банката на Советот на Европа, но поради големо доцнење во изградбата оваа банка реши да го сопре финансирањето по што таа обврска врз себе си ја презеде државата кога Владата јавно објави дека новата Клиничка болница во Штип ќе биде финансирана со државни пари.

Но, работите не одеа како што беше најавувано зашто дојде до голем спор помеѓу главниот изведувач, грчката компанија „Интеркат“ и подизведувачот, штипската фирма „Бетон“. Работите застанаа, на теренот немаше никакви градежни активности, зашто судскиот спор помеѓу компанијата главен изведувач и фирмата

***Постапката ќе биде објавена многу бргу, односно во месец февруари, за конечно, еднаш засекогаш, Штип и регионот да добијат најсовремена болницата, затоа што моите колеги овде, кои се врвни лекари, треба да имаат подобри услови за работа, а пациентите да добиваат поквалитетни здравствени услуги, рече министерот за здравство Фатмир Меџити.***

подизведувач се одолговлече. Подоцна „Интеркат“ и „Бетон“ постигнаа вонсудска спогодба за спор од два милиони евра, но државата реши работите да ги превземе во свои раце.

Посетата на министерот Меџити и неговата изјава во однос на продолжување на изградбата дава надеж дека новата Клиничка болница во Штип би можела стане реалност но, тука и таму останува сомнеж зашто такви изјави беа давани и во изминатите речиси осум години, а работите тапкаа во место.

Посетата на министерот Меџити на штипската болница беше по повод набавката на нова медицинска опрема – лапараскопска и ендоскопска опрема, нов ултразвук колор доплер апарат со две сонди и цистоуретроскопски сет.

# Врвот на човековата инелектуалност се случува околу 70 година од неговиот живот

**♦ Ако имате над 60 години бидете горди, интелектуалниот живот е на ваша страна!**

Деканот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Џорџ Вашингтон" тврди дека мозокот на старите лица е многу попрактичен отколку што тоа во праксата се верува. Во оваа доба, делувањето на левата и десната хемисгфера на мозокот постанува складно што ги проширува нашите креативни можности. Затоа, меѓу луѓето постари од 60 години можете да пронајдете многу личности кои штотутку ги започнале своите креативни активности.

Секако дека мозокот повеќе не е така брз како во младоста. Меѓутоа, добива на флексибилност. Затоа со текот на годините сме склони да носиме исправни одлуки и помалку сме изложени на негативни емоции. Врвот на човечките интелекруални активности се случува околу 70 години од животот кога мозокот започнува да работи со полн капацитет.



Со време се зголемува количината на миелинот во мозокот, работа која овозможува брз премин на сигналот помеѓу неуроните. Поради тоа интелектуалната способност се зголемува за дури 300 проценти во односот на просекот.

Исто така е занимлив фактот дека по 60 години личноста може да користи две хемисфери во исто време. Тоа овозможува решавање на многу сложени проблеми.

Професорот Монч Ури од Универзитетот во Монтреал смета дека мозокот кај старите лица одбира пат кој троши помалку енергија, го елиминира непотребното и ги остава само вистинските опции за решавање на проблемите. Спроведено е истражување во кое учествувале различни старосни групи. Младите биле многу збунети додека ги работеле тестовите, додека оние над 60 години носеле исправни одлуки.

Сега да ги видиме карактеристиките на мозокот помеѓу 60 и 80 години.

## КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА МОЗОКОТ НА СТАРИТЕ ЛИЦА

1.Неуроните во мозокот не умираат, како што велат сите околу нас. Ако човекот не се бави со умствена работа врската помеѓу нив едноставно ја снемува.

2.Пречките и заборавноста настануваат поради преголем обем на информации. Тоа ви говори дека не морате цел живот да се усредсредите на непотребни ситници.

3.Од 60 години човекот, при носењето одлуки, не користи само една хемисфера од мозокот како што е тоа кај младите луѓе, туку ги користи двете хемисфери.

4.Заклучок: ако лицето води здрав начин на живот, подвижно е, има одржлива телесна активност и потполно е ментално активно, интелектуалната способност кај него не опаѓаат  со текот на годините, туку таа спосбност едноставно расте, го достигнува врвот помеѓу 80-90 годишно доба.

***Спроведено е истражување во кое  учествувале различни старосни групи. Младите биле многу збунети додека ги работеле тестовите, додека оние над 60 години носеле исправни одлуки.***

## ЗДРАВИ СОВЕТИ

1.Не се плаши од староста.

2.Тежи кон интелектуален развој.

3.Научи нови занаети, научи да свириш на некој музички инструмент, сликај, танцувај...

4.Интересирајте се за животот, запознајте нови пријатели и комуницирајте со нив, правите планови за иднината, патувајте што повеќе можете...

5.Не заборавајте да одете во продавници, кафулиња, ресторани, гледајте театарски претстави

6.Не биде сам, тоа е погубно за секого.

7.Секогаш биди позитивен, секогаш живеј со помислата-„сите добри работи сеуште се пред мене".

**(Ве молиме оваа информација да ја проследите до своите семејства, до пријателите кои имаат 60,70 или над 80 години како би биле горди на своите години, замолува авторот)**

*(Извор: New England Journal of Medicine)*

# Адиент повторно најдобар работодавач за повеќе фабрики во Европа, меѓу кои и за фабриката во Штип

Институтот „Top Employers“ втора година по ред го сертифицира Адиент, глобален лидер во производство на автомобилски седишта, како најдобар работодавач во Европа за повеќе Адиент фабрики во регионот на ЕМЕА. Меѓу нив е и фабриката во Штип која има околу 1.800 вработени и е на второ место по вработеност, после фабриката Амфенол во Кочани, која има околу 3.000 вработени и по овој параметар е прва во регионот.

„Второто по ред рангирање на врвот е доказ за нашите континуирани залагања да бидеме ценет работодавач и потврдува дека наш приоритет се луѓето,“ изјави **Небахат Гуелер**, потпретседател за човечки ресурси во Адиент ЕМЕА. „Рангирањето како најдобар работодавач од страна на реномиран надворешен оценувач, го сметаме за доказ на нашиот напредок во оваа насока“, рече Гуелер.

Компанијата има 23 фабриките низ Европа: во Чешка, Унгарија, Северна Македонија, Полска, Романија и Србија и сите тие ја поминаа сеопфатната анализа од страна на Институтот. Овие фабрики на Адиент беа оценувани во повеќе категории како стратегија за човечки ресурси, работно опкружување, привлекување на таленти, учење, различност и инклузија, добросостојба на вработени и друго. Во сите шест региони фабриките ја добија сертификацијата, исто како и минатата година.

„Чест ни е што **Адиент Штип** е најдобар работодавач, Top Employer, за Македонија и Европа и за 2024 година. Нашиот тим втор пат по ред го добива сертификатот кој се заснова на опсежно истражување на практиките за човечки ресурси од страна на престижниот институт Top Employer. Сертификација за најдобар работодавач по вторпат е заслуга на посветеноста на сите членови на тимот на Адиент“, објавија од компанијата.

Речиси сите фабрики кои беа оценувани покажаа значителен напредок во резултатите со што се потврдува културата на постојано учење, а целосното бодување на компанијата е подобрено за 4,5% споредено со минатата година. Споредено со 86 други компании кои учествуваа во анализите, Адиент особено се издвојува во областите стратегија за човечки ресурси и практики на различност, еднаквост и вклученост, со 11% и 7% подобро рангирање. Ова сосема ги отсликува приоритетите на Адиент во управувањето со човечките ресурси – организација која е раководена од целите, развој на лидерството, организациски дизајн и промени, и негување на култура на различност, еднаквост и инклузија.



**РОБЕРТА ВАСИЛЕВА КОЦЕВ: -*Чест ни е што Адиент Штип е Најдобар работодавач, Top Employer, за Македонија и Европа и за 2024 година. Нашиот тим втор пат по ред го добива сертификатот кој се заснова на опсежно истражување на практиките за човечки ресурси од страна на престижниот институт Top Employer...***

“Чест ни е што Адиент Штип е Најдобар работодавач, Top Employer, за Македонија и Европа и за 2024 година. Нашиот тим втор пат по ред го добива сертификатот кој се заснова на опсежно истражување на практиките за човечки ресурси од страна на престижниот институт Top Employer. Сертификација за најдобар работодавач по вторпат е заслуга на посветеноста на сите членови на тимот на Адиент. Подобрувањето во речиси сите сегменти во оценувањето во споредба со минатата година е потврда дека заедно со нашите луѓе го одиме вистинскиот пат на напредок за подобрување во грижата за вработени и унапредување на работното опкружување, за Адиент да биде повеќе од работно место.“ изјави **Роберта Василева Коцев**, Менаџер за човечки ресурси во Адиент Сеатинг Штип.

Програмата за сертификација за Најдобар работодавач е создадена за да обезбеди насоки за спроведување на најдобри практики во управувањето со луѓето за работодавачите во широк спектар на индустрии. Оваа програма ги оценува компаниите ширум светот и дава повратна информација за нивната работна култура врз основа на истражување на најдобрите практики.

# Конурсот за фестивалот за деца „Весело Штурче“ до 1 Март годинава, фестивалското издание во месец Септември



Популарниот фестивал на забавна музика за деца „Весело Штурче“ го распиша конкурсот за годинашново издание. Конкурсот за деца-вокални изведувачи (солисти) и за детскиот хор и конкурсот за автори на музика, текст и аранжмани е веќе во тек и ќе трае заклучно со 1 Март, годинава.

-Првиот конкурс е за деца на возраст од 6-12 години кои ќе настапат како солисти, а вториот кој е во рамките на овој фестивал е за деца кои ќе бидат дел од големиот детски хор. Заинтересирааните деца кои ќе се пријават за овој фестивал ќе одат на аудиција преку која ќе ги избереме и солистите и децата кои ќе бидат дел од хорот. По 1 Март ќе ги објавиме датумите за аудиција на која кандидатите ќе пеат исклучиво песни од досегашната продукција на „Весело Штурче“. Аудицијата е начинот на кој ќе ги одбереме учесниците на фестивалот, вели Филип Стевановски, директор на „Весело Штурче“.

Според Стефановски, вториот конкурс е наменет за автори на музика, текст и аранжмани. Децата кои се заинтересирани да настапат како солисти или да бидат дел од хорот можат да се пријават на **veselosturce.mk**, а авторите на музика, текст и аранжман можат да се пријават на **веб страницата** на фестивалот.



-Минатата година имавме над 120 пријавени дела за учество на фестивалот, очекувањата ни се дека годинава таа бројка ќе биде надмината зашто уште сега постои голем интерес за учество на „Весело Штурче“, посочи Стевановски.

Овој фестивал е во тесна соработка со Фондацијата за развој на локалната заедница (ФРЛЗ) и УСАИД.

-Нашата соработка со фестивалот „Весело Штурче“ започна минатата година, а продолжува и годинава. Таа соработка е во рамките на проектот „Направи разлика“ зашто овој фестивал е финансиран од УСАИД па дел од средствата-од продажба на билетите и производи на „Весело Штурче’ ќе бидат наменети за финансирање на нешто што и е важно на локалната заедница. Тоа значи дека фестивалот има и хуманитарна димензија, вели Боби Шарковски, првиот човек на ФРЛЗ.

Според Шарковски минатата година вакви средства биле наменети за купување на музички инструменти, а годинава идејата е тие средства да се вложат во стипендирање на некое талентирано дете кое живее во социјален ризик и кое не може да ги покрие трошоците за учество на фестивалот.

***ХУМАНИТАРНА ДИМЕНЗИЈА....Дел од средствата-од продажба на билетите и производи на „Весело Штурче“ ќе бидат наме- нети за финансирање на нешто што и е важно на локалната заедница. Тоа на фестивалот му дава и една хуманитарна димензија...***

-Сакам да ги повикам сите општествено одговорни компании да донираат средства за да можеме, како сплотена и одговорна заедница, да обезбедиме стипендија за уште некое талентирано дете, а кое е во социјален ризик. Практично, тоа би значело дека дел од средствата од овој фестивал ги враќаме назад во заедницата, таму каде што тие средства се најпотребни, рече Шарковски.

Всушност, тоа значи дека секој граѓанин кога ќе купи билет за да го следи фестивалот или кој купува некој од производите со заштитниот знак на „Весело Штурче“ со тој чин се вградува и себе си во хуманитарната приказна на нашиот убав град и помага да се реши некоја потреба на нашата заедница.

Фестивалот на песни за деца „Вессело Штурче“ ќе се одржи во втората половина на месец Септември, годинава, а за точниот датум јавноста дополнително ќе биде информирана.

**Дејан МИТРОВ, борач, член на БК „Балканец“, спортист НА Штип за 2023 година**

# Штип и Македонија заслужуваат да имаат олимпиец, бидете сигурни дека јас ќе се погрижам за тоа...

На пригодна свеченост во Мултимедијалниот центар на Универзитетот „Гоце Делчев“ беа прогласени најдобрите спортисти на Општина Штип за минатата 2023 година. Очекувано, титулата Спортист на годината ја понесе борачот на БК „Балканец“ 36 годишниот Дејан Митров кој имаше исклучително успешна спортска 2023 година.




*Градоначалникот Иван Јорданов му го врачи признанието „Најдобар спортист на Штип за 2023 година“ на Дејан Митров*

Митров, по проглаувањето за најуспешен спортист на нашиот град, пред полната сала на Мултимедијалниот центар ,се обрати со убав говор:

-На почетокот би сакал да им се заблагодарам на моите другари од БК „Балканец“, на тренерите и на сите во клубот, а најголема благодарност упатувам до моето семејство кое за цело време на мојата спортска кариера несебично и со многу љубов ме поддржуваше. Минатата година за мене како спортист во еден тежок спорт каков што е борењето беше година на многу воздигнувања но и на многу падови. Сепак, со многу љубов кон овој спорт, со уште повеќе пот и напорни тренинзи на душекот, успеав да постигнам одлични резултати, рече Митров.

Според првиот спортист на Штип за 2023 година, тековната 2024 година за него ќе биде посебно значајна зашто тоа е година во која тој, во конкуренција на светски и европски борачи, ќе направи сé за да обезбеди Олимписка норма и да ги претставуива Штип и Македонија на Олимпијадата во Париз..

-Ме чекаат тешки квалификации за да бидам дел од учесниците на престојната олимпијада. Првите квалификации ќе бидат во Баку-Азарбејџан и на нив ќе учествуваат борачи од Европа. На овие квалификации првите двајца фаќаат норма и ќе бидат дел од Олимписките игри. Вторите квалификации ќе се одржат во Истанбул-Турција, на нив ќе учествуваат борачи од цел свет, а само тројцата најуспешни ќе настапат на Олимпијадата. Напорно ќе работам за да станам дел од најголемата и најзначајна спортска манифестација на светот, да ги направам горди моето се- мејство, мојот клуб БК Балканец, Штип и мојата Македонија, рече Митров.



*Дејан Митров во акција (син дрес)*

**„Штип и Македонија заслужуваат да имаат олимпиец, бидете сигурни дека јас ќе се погрижа, за тоа“**, рече Митров и доби громогласен аплауз од сите во салата. Во своејто обраќање Дејан Митров се задржа на еден мошне актуелен момент со младите.

„Од ова место сакам да упатам апел до сите одговорни чинители да се заложиме младите да ги насочиме кон спортот и спортските терени, за тие да ги избегнуваат пороците на ова ново време кои ги има се повеќе и повеќе“..

Митров уште рече дека за него спортот е начин на живот, дека спортот е негов личен избор и преку спортот најмногу се дефинирал себеси како човек и успешна личност.

Инаку, Дејан Митров е државен првак на Македонија во неговата категорија, тој е Балкански првак, го освои и првото место на Изборното првенство, втори места освои на турнирот Македонски Бисер и на Купот на Македонија, беше осми на Европското и 12 на Светското првенство во неговата категорија.

# СПОРТИСТ НА 2023

Во преполната сала на Мултимедијалниот центар на Еконскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” беа врачени признанијата на спортистите во сите категории, кои постигнаа спортски резултати и успеси на државни и меѓународни натпревари.



**Признание за животно дело во спортското новинарство и публицистиката доби Кирил Манев (десно), наградата му ја предаде Трајче Димков**

– Минатата година имаше многу успеси, но и падови, со многу пот на душекот успеавме да постигнеме добри резултати. Оваа година ветувам пред сите вас дека ќе има уште поголеми успеси, бидејќи не очекуваат Олимписките игри во Париз во текот на 2024 година. Општина Штип и Република Македонија заслужуваат да имаат Олимпиец, а јас ќе се погрижам за тоа, рече Митров.




Градоначалникот на Општина Штип, Иван Јорданов истакна дека лани општината инвестираше во нови и реконструкција на спортските игралишта низ општината, а општината успеа и Штип за оваа година да биде прогласен и за ,,Европски град на спортот”. Јорданов вечерва пред спортистите и раководствата на спортските клубови најави дека годинава ќе се реализира изградбата на Спортскиот рекреативен центар (СРЦ) „Џексон”, како и изградба на спортски сали во населбите Три Чешми и Караорман. Од буџетот на Општина Штип ќе се издвои финансиска поддршка за спортистите и клубовите од 18 милиони денари, а првпат ќе има и стипендии за спортистите.

Дејан Здравков, претседател на Комисијата за избор на спортист, истакна дека членовите оваа Комисија имаат разгледано повеќе од 150 апликации кои пристигнаа за спортисти од околу 15 клуба, а кои имаат постигнато значителни спортски успеси во текот на претходната година. Годинава се воведе и категоријата ветерани, а од минатата година продолжува доделувањето награда и за најдобра жена-спортистка.




– Комисијата за избор на спортист работеше изминативе две недели. Од пријавени преку 150 спортисти од над 15 спортски клубови, направи селекција на најдоброто за 2023 година, а вечерва се доделија признанијата и наградите за спортски работници, додава Здравков.

Право на учество за спортист на годината имаа сите спортисти кои имаат постигнато значителни резултати минтатата година. За рангирањето на спортистот предвид се зема најдобриот резултат, а резултатите мора да бидат заверени од соодветните федерации и да бидат веродостојни и потрепени со докази. Признанија добија и спортските новинари Кирил Манев за животно дело во спортското новинарство и публицистика и Александар Ванев од регионалната Телевизија М- Нет за најнадежен спортски новинат.


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
СТОБИ
ФЛИПС


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Luxy
Donna

# Пазарот на трудот не простува незнаење и несакање да се научи нешто што мора да се знае.



**Пишува:**
**Владо Бутлев,**
**експерт во градежништвото**

Седнав да напишам мои размислувања за работи кои ме интесирале професионално, за некои состојби во струката со која се занимавам во последниве 57 (педесет и седум) години од животот. Пред повеќе години почнав со работа во градежништвото во главно како проектант и надзорен инженер во претпријатијата во кои работев.

Со текот на работењето се менуваа условите за работење, како во државата, исто и во самата струка како гранка на општеството. Преминавме од една држава во друга, од еден систем на вреднување во друг, сосема нов и помодерен систем на надградување и секако – вреднување.

Во струката, првиот период, сите работи беа рачно изведувани со употреба на пресметување со помош на едноставни помагала. Исто така и прописите беа прилагодени за тие знаења, а резултатите беа во склад со барањата на државата (како инвеститор во голем дел на работите).

Подоцна прописите се заоструваа, исто како и барањата пред нас како градежништво. Се бараше посолидна опременост на работењето, инвеститорите бараа покомплексни решенија, веќе не беше државата главен и единствен нарачател на инвестиционите објекти. Тогаш како инвеститори се јавуваа претпријатијата кои знаеја што бараат и што ќе добијат со инвестицијата за која даваат свои средства. Неретко се бараа решенија кои ги немаше во тогашното соседство. Се одеше на иновирање на нови сознанија и потполно нови технологии, технологии кои бараа нови знаења и усовршувања на сите рамништа од градежништвото како струка – како целина.

Во севкупното работење имаше успеси и падови, но како струка секогаш бевме ангажирани за сите објекти кои се градеа во државата и комплетно ги остварувавме замислите на инвеститорите. Денес сме соочени со недоволна храброст за решавање на сите предизвици, било кадровски, било проблемите во надградување на извршителите на работите, како во планирањето, така и во извршувањето на работите на терен. Планирањето во градежништвото треба да е благовремено и целосно усогласено со сите претходни предуслови за тоа, почнувајќи од урбанистичките планирања, па сè до деталното планирање со конкретен објект. Секој објект бара комплексно запазување на одредената процедура која мора да се запазува и нема никакви привилегии и попуштања во остварување на крајната цел – добар и функционален објект кој ќе служи за намената.

Во самата реализација на објектот учествуваат повеќе стручни екипи кои треба да се усогласат со рокови и точно времетраење на секоја дефинирана фаза, која како таква се прати до самото нејзино извршување. Од ваквата координација зависи крајниот рок на извршување на комплексниот објект. Во целото мое работење се сретнував со многу предизвици кои бараа целосно и комплексно согледување на сложените работни задачи и нивно најцелисходно и квалитетно решавање, а при истото и запазување на роковите.а време на работењето, во прво време се бараа едноставни решенија со awомалку математички операции, се бараше димензионирање на процеси од поединечен носив елемент на конструкција, потоа се бараше пресметка на комплетни елементи како целина (рамка).

Со вклучување на сметачките машини (компјутери), пресметувањето на носивите елементи беше на сите елементи во еден правец, немаше соодветна програмска поддршка (софтвер), затоа беше потребно вакво решение.Во последните десетина години се бара комплексно решение на објектот како целина, со одговор на темелењето на објектот и негова глобалната сигурност кон сите влијанија кои ќе дејствуваат врз него и тоа првенствено стални товари, корисниот товар, снегот, ветровите и земјотресите. Ваквата комплексна пресметка бара внимателно одбирање на носивите елементи и нивно рационално поставување во просторот, за запазување на употребливоста на објектот за целото време на неговата експлоатација.Со комплексното запазување на сите мерки на организирање на самиот објект: од урбанистичкото решение, проектирањето на објектот, самата изведба и експлоатација – зависи квалитетот на објектот.

Барањето на квалитет во работењето бара целосна посветеност на работата и пратење на промените кои настануваат секојдневно или речено со еден збор – бара учење. Пазарот на трудот не простува незнаење и несакање да се научи нешто што мора да се знае.

Обично не давам совети како треба да се постави младиот инженер на пазарот на трудот на кој секојдневно сме присутни, но со самото тоа што е во секојдневната борба за егзистенција, ќе мора да се постави така да опстои во работата која ја извршува секојдневно и да учи и ги прати новитетите кои се присутни (во струката) на пазарот секојдневно.



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ, писател

# ДОБАР ИЗБОР

Да бидеш осамен и со полно свест да се сложиш со тоа, значи да имаш добар избор. Осаменоста, пред се, претставува можност за избор на добро друштво. Само оној што ќе избере да биде сам со себе, притоа да не пати од осаменост, само тој може да каже дека направил добар избор. Оној што седи сам на клупа во паркот, без да го спушти погледот врз врвовите од сопсвените чевли, само тој е задоволен од изборот на друштвото. Таквиот на убавината и приоѓа од најпристапните страни, па дури и кога го заморува.

Добриот избор не е мачкина кашлица. Дарба е тоа која не може секој да ја има. Недостатокот, најјасно се оцртува кај оние кои најбргу се согласуваат со мнозинството. Тие кутрите, како ситните риби во големите води, пливаат само во јато. Плашењето од осаменоста, заначи страв од себе. Стравот од себе, значи немање можност за добар избор - осведочениот резултат на добриот вкус.

Да се разбереме, социјалниот живот бара комуникација. Бара, културата во комуникацијата со другиот, да биде на висок степен. Бара, членување и битисување во друштво. Тоа не значи дека треба да се занемари можноста од вреднување на друштвото. Оној со можност за добар избор, никогаш нема да избере лошо друштво. Како што оној со добар вкус, никогаш, нема да избере јадење од кое ќе му се подигне утробата до неконтролирано блуење врз најблиските од кафанското опкружување.

Треба да си во друштво со други, само тогаш, кога ќе сфатиш дека осаменоста ти е најдоброто друштво, односно, кога ќе се охрабриш, па ќе постапиш по онаа Блажевата- „кога тие десно ќе фатат, јас лево да тргнам."

Ете затоа, на оние што ги полнат партиите, без можноста да бидат целосни почитувачи на својот личен избор-на својот добар вкус, гледам како на ситнеж од кој не можеш да очекуваш ништо друго, освен стихијна реакција.

За време на изрекувањето на пресудата, Сократ, се свртел кон насобраната маса и рекол „Секој од вас, поединечно, можам да го убедам во својата невиност, но не можам сите заедно, зашто размислувате стихијно.

Едно наравоучение вели: Ако во бродот, патниците, се сместени на една страна, бродот ќе потоне.

Осмаменоста најмногу ќе помагне во правилниот распоред на патниците во Ноевиот ковчег

**ЗА СВОЕТО ТЕСТО**

Кога гласаме за партија, гласаме ли за себе? Се разбира дека гласаме. Гласовите за другите се гласови за себе. Човечки е да имаш свој тим, своја партија, право на слободен избор. Човечки е да сакаш твојот тим, твојата партија, да победи. Човечки е нивната победа да ја сметаш за своја.

Татко кога ќе се вратеше од фудбалскиот стадион, ќе седнеше на масата, ќе си ставеше ракивче во чашчето и јасно и гласно ќе кажеше:„ Денес повторно победивме !". Победата на фудбалскиот тим беше и негова победа.

Кога дојде плурализмот луѓето разбраа дека не треба сите да се на една страна во чамецот. Почнаа свесно да се распоредуват. Едни отидоа на лево, други на десно ,трети останаа во средината. Навидум во пловниот објект се воспостави рамнотежа. Кога и' се укажа прилика да гласаат која страна е подобра од ругите, секој гласаше за својата страна, за тимот што ја преставуваше. Победата на тимот ја славеше целата страна. И ден денес е така.

Кога јас бев на листата за советник, мајка и татко излегоа на гласање. По гласањето татко ја прашал мајка: „Како гласаше?" „Нормално." – одговорила мајка. „Што е за тебе нормално?" – ја прашал татко. „Па, го заокружив името и презимето на нашиот син." –одговорила. „Тоа воопшто не е нормално ." - и рекол татко . „Јас си гласав за својот син." – рекла мајка и не побарала објаснување зошто гласала не нормално.

Никогаш мајка не призна дека гласала ненормално. После се' што направија партиските челници, па и партиските војници, излегува дека татко гласал не нормално, а не мајка. Гласот што го дала мајка ја оддалечува од секоја партиска тафтабита, монструм што умешно се прикрива зад партиските, слогани и симболи. Гласала мајка за своето тесто зашто знае кога ќе нарасне што може да излезе од него.

Во драматургијата стои запишано, драматичарот ако сака ликовите да му бидат веродостојни, да предизвикаат симпатија кај гледачите, мора интимно да биде поврзан со нив, да ги познава, да ги знае, да ги сака.

**ВИСТИНАТА Е ПРОСТА**

И тоа утро се разбудив во вообичаеното време. Не знам зошто, не знам како, но така беше. Првата мисла што ми се јави по отворањето на очите беше таа која ме потсети дека во последно време се' почесто заборавам на моите љубови, на моите заљубувања, на моите страдања, на моите успеси и очајувања. Мислата ми изгледаше како залутана во главата. Пробав да се отарасам од неа враќајќи се во сонот. Никогаш не сум кажал нешто лошо за сонот. Се надевав дека ќе ми врати на доследен начин. Се покажа незаинтересиран за моите маки. Бев оставен на самиот себе. Донесов решение. Легнав врз увото врз кое како дете посакував сите мои да бидат здрави и живи.

Вистината е страна која самиот ја бираш?

# BRAIN DRAIN – Малку поинаква перспектива Или: зошто далечината пак ќе биде нашата најголема болка?



*Пишува:*
*Проф.д-р Страшко Стојановски*

Да сонуваш големи соништа во мало место, се чини речиси невозможно“. Сентенца која е добра за почеток или крај на некоја колумна. Прашањето на миграциите на младите во регионите на источна Македонија е акутно, неминовно, секојдневно, па дури и фатално. Глувоста на „Скопската“ бирократија во централизиран систем во кој проблемите надвор од главниот град се необично туѓи, местата егзотични, понекогаш „заостанати“ во својот конзервативизам, раскошни во културното наследство и природните убавини и секако бесперспективни. Вака некако би изгледал погледот од главниот град кон она што тие го нарекуваат „провинција“. Проекцијата на негативните стереотипи за местата во кои живееме подеднакво влијае за сликата која за истите ја градиме.

Се разбира, во никој случај нема да се обидам да негирам дека во нашето општество изразитата етатоцентричност и политизација во сите сфери ни продуцираат перманентна корупција и непотизам, базична несигурност во системот на владеење на правото, кое да се разбереме важи, ама за малите луѓе, оние незаштитените. За да сонуваме големи соништа сигурно базата е во подигање на економскиот стандард и можноста материјално да се реализираме. Но, има ли нешто повеќе од ова?!

Песимизмот, колку и да се базира на објективни маркери е во најмала рака социјален конструкт. Истиот е резултат на афтономниот дух на младите генерации, поттикнат низ виртуелниот свет на глобалните социјални мрежи, високите очекувања и желбата за брзо збогатување. Од последното единствен бенифит имаат локалните казина и обложувалници. Но, од друга страна, несигурноста на младите и желбата да мигрираат е подеднакво резултат на проекциите на нивните родители и претходни генерации, кои многупати лажно морализираат величејќи едни други времиња, фетишзирајќи на пример една „Југославија“, која била систем на безгрешност и утописки сон од кој не смееме да се разбудиме. Вистината е дека тоа било совршено време, но за нечија друга младост, за нечиј друг сон. Продуктот е фрустрација, која предизвикува недостаток на социјален капитал и стимул на желба за трагање по утопијата на друго место, а никако желба за општествена промена и создавање на одржлив систем дома.

Системот и „филозофијата на паланката“ ја градиме сите заедно. Кога на медиумите топ вест една недела ќе бидат катастрофалните резултати на ПИСА тестирањата, а никаде нема да слушнеме за високите награди кои учениците ги освојуваат на светски натпревари, заклучокот е единствен-нашето образование не е добро. Пак нема ни малку да се обидувам да го идеализирам образовниот систем, кој има простор за разумни критики. Но како да објасниме дека нашето средно образование не е добро, а продуктите од тоа образование се инзвонредни кога ќе се запишат на странски универзитети. Верувајте, без основа и образование како надоградба, ниту еден систем не може од ништо да направи нешто. Или високото образование не ни е добро, а знам многу примери на студенти кои добиле стипендии за последипломски студии на топ 100 универзитети во светот, или специјализации во сферата на медицината во некоја од западноевропските земји. Дали имаме проблем во перцепциите и вреднувањето на младите тука? Навраќајќи се на „одливот на мозоци“ популарниот brain drain, ние создаваме уште еден социјален конструкт „најдобрите и најумните ни заминаа“, следствено оние кои се уште се тука не се толку добри или умни, а додека размислуваат да заминат и доколку истото го реализираат, магично ќе се трансформираат во првите. Очигледно е дека еден од основните проблеми кои ги имаме како општество е да се ги цениме младите кои се тука. Човечкиот капитал создава проблеми, но и наоѓа решенија. Без младите ние имаме едно големо ништо. А кои се тие мозоци? Можеби лекари, инжинери, правници, економисти или информатичари. Но каде се молерите, возачите, мајсторите, земјоделците...повторно имаме проблем со вреднувањето, препознавањето и признавањето.

***Глувоста на „Скопската“ бирократија во централизиран систем во кој проблемите надвор од главниот град се необично туѓи, местата егзотични, понекогаш „заостанати“ во својот конзервативизам, раскошни во културното наследство и природните убавини и секако бесперспективни. Вака некако би изгледал погледот од главниот град кон она што тие го нарекуваат „провинција.***

Се додека не се свртиме кон себе си и не започнеме да го цениме контекстот на времето во кое живеат идните генерации, нивната стручност, нивните потенцијали, или барем малку не започнеме да ги истакнуваме позитивните примери, кои се насекаде околу нас, ќе креираме систем на безперспективност. Се додека не излеземе од сопствената временска и просторна егоцентричност, заедно со корумпираниот ситем и ние ќе ги бркаме младите да заминат што е можно подалеку. Далечината пак, ќе биде нашата најголема болка...

## Интервју со Пеце Ристески, актер во Народниот театар Штип

# Скинатиот чевел ме направи штипјанец

Пеце Ристески е познат актер, член на Народниот театар Штип. Со него нразговараме на теми кои го допираат театарот и живот или театарот како негов живот.

***Пеце, од кога, каде и како се најдовте Ти и театарот како посебенвид уметност?***

Прв пат на сцената стапнав на четиринаесетгодишна возраст. Бевме неколку другари. Живеевме во иста зграда и сите заедно ја гаевме љубовта кон уметноста. Тогаш ја формиравме и групата„ Солза и смеа„ која ден-денеска се уште е активна и доста актуелна на социјалните мрежи и со своите театарски претстави. Основачи бевме јас, Александар Димитровски, Дејан Пројковски и Зоран Талевски, а прва претстава ни беше „Лонг плеј„ од Горан Стефановски. Секако, бевме под режисерската палка на Дејан Пројковски кој во моментот е еден од најлподните и најбарани режисери во Европа. Многу наивно и детски влеговме во светот на театарот, без да претпоставуваваме дека тоа ќе биде нашата животна определба. Додека сите одеа по кафулиња, ние „дремевме„ во битолскиот Народен театар. Се случуваше и по стотина пати да гледаме една иста претстава. Им помагавме на сценографите само за да бидеме на сцена за која силно мечтавме. Сега од оваа перспектива не можам да одговорам од каде ја црпевме таа неизмерна љубов кон театарот. Пресудна беше претставата „Галеб„ од Чехов за која добив награда и најверојатно тоа беше клучниот момент за да сватам дека актерството е мојата животна определба. Од родителите имав безрезервна поддршка..

***...и потоа?***

....Како студент бев поканет од Народен театар Битола да работам на претставата „Исчистени„ од Сара Кејн, во режија на Александар Црвенковски. Го играв ликот на Робин. Веднаш потоа почнав со нов проект. Играв во претставата „Антигона" на реномираниот режисер Никита Миливојевич. Во тој период многу патував на релација Софија-Битола и до моето дипломирање веќе имав две премиери. Откако дипломирав на НАТФИЗ„Крсто Сарафов„ во класата на Елена Баева продолжив со уште неколку претстави во битолскиот Народен театар

***Како на еден битолчанец му се случи Штип да му биде место во кое ќе создаде и ќе го расте семејството, но и ќе бидеш дел од анамблот на НТШ ?***

....Штип дојде сосема случајно, а да Ви кажам искрено чевлите беа пресудни. Мојата сопруга Александра е штипјанка. Дојдовме на гости, првично живеевме во Битола. Ми се скина едениот чевел и отидовме да купиме нови. Случајно, можеби така сакала судбината, на улица налетавме на мојата професорка која во тој момент со своја претставата гостуваше во штипскиот Театар. Не покани да ја гледаме претставата, а потоа не запозна со тогашниот уметнички директор на НТШ, Трајче Кацаров. Во тој момент Кацаров го обновуваше тукашниот ансамбал и ми понуди услови за кои во Битола требаше да чекам повеќе години за да ги добијам. Никогаш нема да ја заборавам средбата со доајенот Алеко Протогеров кој на влезот од Театарот со блага и искрена насмевка ме пречека, силно ми ја стисна раката и ми посака топло добредојде. Никогаш не мислев дека ќе останам во Штип. Но ова е доказ дека убавите работи секогаш се случуваат случајно и спонтано.



***....На Академијата кадешто завршив на влезот пред да излезеш на сцена има натпис и пишува „Вашето его оставете го тука и излезете на сцена„. И по толку години се уште се трудам, тоа да биде моја водилка. Сцената е наш мегдан, а публиката е таа што отценува***

***Битола или Штип, кој град ви е поубав?***

....Хахаха...сакате да ми направите проблем во бракот. Битола се разбира, но и Штип има своја убавина. Тука сум веќе дваесет години. Знааете, не е важно каде сте, туку дали го работите тоа што го сакате. За еден млад актер е многу важно првите пет години по дипломирањето да работи и да биде присутен на сцената, а во Штип тоа го добив...и затоа сега сум натурализиран штипјанец кој во зима секоја недела на менито има пастрамајлија. ..

***Водиш ли евиденција за бројот на одиграните улоги и што на Пеце му лежи-трагедија, комедија, драма... Што тебе те опредлува кога одлучуваш да прифатиш улога која ти ја определува режисерот?***

..... Порано водев некаква статистика, но веќе не. Секоја улога за мене е нов предизвик. За мене не постојат мали и големи улоги. Сметам дека еден актер во својата професионална кариера треба да има секакви улоги за да биде комплетен...



***Како актерот го чувствува пулсот на публиката, ја има ли и на Вашите претстави таа синергија помеѓу сцената и гледалиштето ?***

....Секако дека има синергија. Не постојат зборови со кои би можел да Ви го опишам пулсот што го имам пред почетокот на секоја претстава. Мислам дека колку повеќе се вложуваш и даваш, толку повеќе публиката враќа.

***Се сметаш ли за славна личност, макар и во потесни, локални рамки, а можеби и пошироко? После премиера ти приоѓат ли луѓе да разговараат за тоа што се чуствувало на сцената...***

....Сакал или не луѓето ме препознаваат. Да не звучнам скромно, но јас воопшто не се чувствувам како славна личност. По секоја претстава има луѓе коишто остануваат да не поздрават и да поразговарат за претставата. Признавам дека ми е убаво кога некој ќе ме сретне на улица и сподели со мене моменти од некоја претстава. Но, таквите комплименти не ги сфаќам за лични, туку за колективни.

***Награди? Кое е нивното значење за некој кој работи јавна работа? Која улога ти е најмила и би ја играл илјада пати?***

.... Наградите се многу важна работа, бидејќи некој ја отценил и препознал работата и трудот кој си го вложил. Дел сум од ансамблот кој во минатотот има добиено многу награди и признанија. Овде ќе ја споменам „Бегалка„ „Метаморфози„ „На дното„ и други. За жал во последните неколку години на помалите театари, како што е штипскиот ни е ускратена можноста да настапуваме на реномирани домашни и странски фестивали. Секоја улога е како новороденче. Тешко би издвоил некоја бидејќи сите ми се драги и се дел од мене, бидејќи во создавањето на една улога не се вложуваш само физички, туку и емотивно. Еве, ќе ги спомнам: Васка Пепел од „На дното„, Коце од „Демонот од Дебармаало„ Бошко од „Бегалка„.

***Колективот? Си ја имате ли меѓусебната почит или и глумата е работа на суета, на суетни луѓе.***

....На Академијата кадешто завршив на влезот пред да излезеш на сцена има натпис и пишува „**Вашето его оставете го тука и излезете на сцена„**. И по толку години се уште се трудам, тоа да биде моја водилка. Сцената е наш мегдан, а публиката е таа што отценува... така што суетата и егото се излишни. Секако дека има  актери кои се многу суетни. Нашиот ансамбал е еден од ретките во државата со кој секој режисер посакува да работи. Пресудно за тоа е нашата сплотеност и синергија. Меѓусебната почит е премногу застапена во нашиот ансамбал. Освен професионално, ние се дружиме и приватно, а тоа кажува многу. Резултатите се видливи и на сцена.

***....Штип дојде сосема случајно, а да Ви кажам искрено чевлите беа пресудни. Мојата сопруга Александра е штипјанка. Дојдовме на гости, првично живеевме во Битола. Ми се скина едениот чевел и отидовме да купиме нови...***

***Сопругата ти Александра е новинарка, две слободни професии во едно сеуште младо семејство, имате четири деца, си го имате ли разбирањето за вашите професии и барањата кои тие ги поставуваат пред Вас?***

Ние сме големо семејство и денот од 24 часа ни е прекраток за да ги завршиме како приватните, така и професионалните обврски. Во право сте и двајцата имаме необични професии, без определено работно време. Кога сите одмараат, ние работиме. Најверојатно тоа е и пресудно, бидејќи тешко би ме разбрала сопругата доколку оди на работа, од понеделник до петок до 15.30 ...

# Секој млад човек да си избере спорт по своја мерка




***• Драгана Ефтимовска, успешна каратис-тка говори за својата љубов кон каратето и за значењето на спортот во животот на секој млад човек...***

Драгана Ефтимовска е на возраст од 15 години. Таа е ученичка во СОУ „Славчо Стојменски“ со многу добар успех, а во исто време е и истакната спортистка на нашиот Штип и на Македонија.

Драгана се бави со каратето и е член на КК „Штип“. Спортските-карате вештини ги изучува од познатите каратисти, браќата Сашко и Жарко Арсовски кои се нејзини тренери. Успесите не изостануваат.

-На 9 годишна возраст започнав да тренирам карате. Откако го запознав овој спорт тој на мене имаше некаква магнетна привлечност и јас си реков дека токму каратето ќе биде спортот со кој ќе се бавам додека можам. Целата работа посебно ми ја олеснуваат моите родители кои цврсто ме поддржуваат да се бавам со спортот кој е мој личен избор, вели Драгана.




Таа со каратето се бави од деветгодишна возраст. Вели дека тогаш се „сретнала“ со овој спорт кој веднаш ја привлекол. Од нејзиното семејство никој не се бавел и не се бави со било каков спорт. Но, нејзе семејството и е најголема поддршка и на тој факт е посебно горда.

-Моите тренери Сашко и Жарко Арсовски на најдобар можен начин ме упатија во тајните на овој спорт и тие се најзаслужни за моите успеси во шест осум години. Во КК „Штип“ ги имаме сите услови за квалитетни тренинзи па и тој елемент придонесува за големите успеси кои ги остварува мојот клуб, појаснува Ефтимовска.

Каратето е спорт кој си бара редовни подготовки. Драгана вели дека на неделно ниво тренира пет пати од кои двапати на ден тренира во спортската сала „Јордан Мијалков“. Тренинзите се напорни но без напор нема успеси, појаснува младата и успешна штипска спортстка.

Првиот поголем успех го остварила во 2019 година на Балканското првенство во Бања Лука освојувајки го третото место и бронзениот медал. Државен првак на Македонија станува во 2020 година. Учествувала на европско првенство каде го освоила осмото место и на Светското првенство кога во нејзината категорија го освоила 12 место. На турнирот „Македонски бисер“ била втора исто како и во Купот на Македонија

-За мене спортот има посебно место во животот на секоја млад човек. Спортот е тој кој го одржува здраво телото, а позната е и вистинита е изреката дека само во здраво тело здрав е и духот. Спортот те тера да го смениш начинот на размислување за животот воопшто, те прави да бидеш подобра личност, потенцира Ефтимовска.

***„За мене спортот има посебно место во животот на секоја млад човек. Спортот е тој кој го одржува здраво телото, а позната е и вистинита е изреката дека само во здраво тело здрав е и духот. Спортот те тера позитивно да го смениш начинот на размислување за животот воопшто, те прави да бидеш подобра личност, потенцира Ефтимовска.***

Бавењето со карате спортот и овозможило на Драгана на млади години да го запознае светот. „Овие патувања ми овозможуваат да видам други градови, други култури, да спознаам нешто повеќе за спортистите и спортот во други држави. Се е школо, па и спортот зашто и од него се учи многу за најважните аспекти на животот“, вели Ефтимовска.

Си поставила задача по завршување на гимназијата да студира, но сеуште нема донесено одлука на кој факултет ќе биде тоа. Вели дека е сеуште многу млада (прва година Гимназија) за да носи току важна одлука, но учењето во Гимназијата ќе ја насочи кон изборот за студирање на некоја наука која ќе биде нејзина идна професија.

-Да, ќе студирам ама и тогаш нема да се откажам од спортот, од каратето. Моја мисија е да освојам медал на Европско првенство и за таа цел ќе работам напорно толку колку што е потребно, Би сакала да ја искористам приликата и да им порачам на сите млади да си изберат спорт по своја мерка и да се посветат на него, зашто и спортот е нешто што го дефинира човекот како комплетна личност, рече Драгана Ефтимовска на крајот од разговорот за Штипски Глас.

# ШТИП: Сарачи Ндерим од Косово победник на Шаховскиот турнир „Штип-Опен 2024“, пет шахисти од Србија меѓу десетте најдобри

Во хотелот „Изгрев“ се одржа првиот Меѓународен турнир во забрзан шах „Штип – Опен 2024“ во организација на ШК „Нов Напредок“. Турнирот имаше беспрекорна организација, а на него учествуваа 113 шахисти од шест држави: Македонија, Србија, Норвешка, Бугарија, Косово и Грција. Тоа покажува дека интересот за овој шаховски фестивал бил навистина голем.

Штип пред повеќе од 35 години беше голем шаховски центар со меѓународниот турнир „8 Ноември“, а дали овој турнир и „Нова Напредок“ ќе го достигнат тоа ниво останува да се види. Ако се суди по почетокот, би се рекло дека надеж има.

Најдобар на турнирот беше Сарачи Ндерим, интернационален мајстор од Косово. Од второто до петото место се пласираа шахистите од Србија – Иванишевиќ Иван, Станковиќ Милош, Милановиќ Данило и Тиличев Вјечеслав.

Најдобро пласиран шахист од Македонија е Николовски Никола, интернационален мајстор кој го освои седмото место, а меѓу десетте најуспешни од Македонија (на десето место) е Лазов Тони, со титула интернационален мајстор.

Наградата за најдобро пласиран шахист од Штип меѓу осумте учесници од овој град му припадна на Никола Бујуклиев, кандидат мајстор кој се пласира на 35 позиција на табелата.





***Најдобар на турнирот од Македонија е Николовски Никола (7 место), најдобра меѓу жените е Маја Нејковиќ – Величковска, а најдобар од штипските шахисти е кандидат мајсторот Никола Бујуклиев. Најстар учесник беше 65 годишниот Стоинев Методи од Бугарија.***

Најдобро пласирана шахистка е Маја Нејковиќ-Величковска фиде мајстор од Србија, која ја заседе 45 позиција меѓу 113 учесници.

Највозрасен шахист беше 65 годишниот Стоинев Методи од Бугарија кој се пласира на 11 место.

Наградата за првото место изнесува 45.000 денари, за второто 30.000 денари, за третото 20.000 денари и за четвртото 10.000 денари.

Тони Кироски, главен судија на турнирот се пофални зборови се изрази за „Штип-Опен 2024“.

„Овој турнир ги заслужува сите пофалби, сигурен сум дека, како што кажа организаторот, идната година ќе имаме и поквалитетен турнир според рејтингот на учесниците, и со побогат награден фонд“, рече Кироски за кого сите учесници рекоа дека, заедно со своите двајца помошници, одлично го водел турнирот.

# ТР-МР




Размислува: Iv. BOJ

Не ја критикувајте својата мајка,
својата Македонија.
Одлуката да се родите тука
не е нејзина, а со тоа и вината.

Ако немаш сон, тоа не е живот.
Ако го изгубиш сонот
што ти останува.
Живот без сон е празен живот.
Сонуваj за да живееш...

Кога се раѓаме – вдишуваме
Кога умираме – издишуваме.
Е, тоа помеѓу, тоа е она кое се
нарекува-живот.

Ако ги тргнеме сите криминалци
од Влада тогаш доаѓаме
во опасност да нема
кој да управува со државата.

Оној кој ти бил учител
макар и само на еден ден
тој ти станува родител
за цел живот.
Никој толку позитивно не влијае на твојот живот
како што влијае учителот.

– Трпано, дојди тука да те прашам нешто.
– Кажи Трпе?
– Кога комшијата си купи нова кола, ти ме натера и ние да си купиме. Кога комшијата си зеде поголем телевизор, ти ме натера и ние да си купиме. Кажи ми сега што да правиме?
– Зошто? Што направи пак сега тој?
– Е па си зел нова жена…

Во македонска болница има две дијагнози:
– Ништо не ти е!
– Што си чекал до сеа?

Трпана оди кај Трпе кој се наоѓа во затвор. Потоа оди кај началникот:
– Дали може на маж ми да му најдете некоја полесна работа?
– Госпоѓо, од лепење на марки на писмата нема полесно…
– Чудно, мене ми се пожали дека копа подземен тунел…

Прва брачна ноќ. Трпе ја вика мајка си во 3 на полноќ:
– Што е проблемот синко?
– Мамо оваа Трпана цел ноќ лежи со раширени нозе, кај да легнам ја?

## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 31.01.2024 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

## ■СУДОКУ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | | | | | 5 | 8 | 9 | |
| | 6 | | | 9 | | 7 | 1 | |
| 9 | | | 7 | | | | | 4 |
| | | | | 6 | | | 5 | 8 |
| | | 6 | | | | 4 | | |
| 5 | 9 | | | 3 | | | | |
| 3 | | | | | 8 | | | 7 |
| | 4 | 9 | | 2 | | | 8 | |
| | 8 | 5 | 1 | | | | | 9 |

Броевите од 1 до 9 впишете ги во блоковите со големина 3 х 3 полиња (врамени со здебелени линии), така да секој број може да се најде само еднаш во водоравната или хоризонталната насока

## ■ СКРИВАЛКА

**треба да пронајдете два скриени предмети**




ШТИПСКИ ГЛАС
АМЕРИК. РЕЖИСЕР
ПРАЖИТЕЛ НА ИТАЛИЈА
ЧОВЕКОЉУБИВОСТ
БОРАЛИШТЕ (МН.)
ЕКС АРТИСТКА ИТА
ДРАГАН НИКОЛИЌ
ПОГОДОК ВО ФУДБАЛОТ (МН.)
ИМАГИНАРНА ЕДИНИЦА
ПОЈАС ЗА КУРШУМИ
АМЕРИК. АРТИСТ НА ФОТОСОТ
КОМПОЗ. РЕСПИГИ
ШПАНИЈА
КОМПОТ
СПОРЕН ИНЕРТЕН
АЕРОДРОМ КАЈ ТЕЛ АВИВ
ПИСАТЕЛОТ ТВЕН
НАША АРТИСТКА
АМЕРИК. ПЕЈАЧ ЛАЈОНЕЛ
ТОЛЧНИК
КЛИН ИСТВУДР
ГЛАС, ЗВУК
ИСКРИВЕНИ
ГРАДИТЕЛИ
МЛИТАВ ЧОВЕК
ШТИПСКИ ГЛАС
КАЛИУМ
ЛУКСЕМБУРГ
СЕЛЕН
ИТ.РЕЖИС. МИКЕЛЕАНЏЕЛО
ФРАНЦ. РЕЖИСЕР ЖАК
МНОЖИНА
МОЛЕКУЛ
ЕКС АМЕР. НБА КОШАРКАР
ВИД ИГРА СО ОРЕВИ
ПЛАНИНА ВО ФРАНЦИЈА
НИНА РИЧИ
ПЕРИОД ОД РАЗВОЈОТ НА ЧОВЕКОТ
АНТОН АШКЕРАЦ




СНАГА, МОЌ
СТИВ ОВЕТ
ШВАЈЦАРСКА НОВИНСКА АГЕНЦИЈА
РЕКА ВО ЈУЖНА ФРАНЦИЈА
МОДЕЛ НА НИСАН
РИПАЧ
ПИСАТЕЛОТ МАН
АКТЕРОТ РИВС
Ж. ИМЕ АНЕТА
ЖАБУРНИК
ПЛАНИН. МАСИВ ВО ЈУЖ. АМЕРИ.
ПЛАНИНА ВО БУГАРИЈА
ЈАПОН. КУТИЈА ЗА ЧУВ.ЛЕКОВИ
ГРЧКИ ФУД. КЛУБ
КИСЛОРОД
ПОКАЗНА ЗАМЕНКА
ТОРИНО
АНА КАРИНА
ИВАН КАРАДАК
СТУДЕНИЛО
ЕКС ХРВАТ. НБА КОШАРКАР

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ
*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22
www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA